**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Филозофски факултет – Скопје**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Ss Cyril and Methodius University – Skopje**
**Faculty of Philosophy – Skopje**

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-774/12
07-10-2020 год.
Скопје

ДО
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СКОПЈЕ

-Универзитет сенат

**ПРЕДМЕТ:** Доставување документација за избор на редовен професор

Согласно член 173, став 2 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 41, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 год.), во прилог ви ја доставуваме целокупната документација за избор на д-р Ристо Солунчев, во звањето редовен професор, на ваша понатамошна надлежност.

Со почит,

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Изработил: Василка Наумоска

Бул. Гоце Делчев бр. 9а, 1000 Скопје / Blvd. Goce Delcev No. 9a 1000 Skopje
Тел.(++389) 2 3116520, Декан 3 116 528, жиро сметка 160010422778818
Phone. (++389) 2 3116520, Dean 3 116 528, account 160010422778818
www.fzf.ukim.edu.mk e-mail: fzf@ukim.edu.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-774/11
Датум: 07-10-2020
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 59 став 1 точка 9 од Статутот на Филозофскиот факултет (Универзитетски гласник бр.463/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXXV** редовна седница одржана на **7.X 2020 год.**, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа реферaтот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1222 од 15.IX 2020 година за избор на **д-р Ристо Солунчев** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Современа филозофија (60515), Историја на филозофијата (60500) и Друго (60517)(Филозофија/Општ курс).
2. Се избира **д-р Ристо Солунчев** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Современа филозофија (60515), Историја на филозофијата (60500) и Друго (60517)(Филозофија/Општ курс).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. д-р Ристо Солунчев се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**
4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Вечер" и „Коха" од 23.IV 2020 година, се пријави: д-р Ристо Солунчев.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-774/9 од 10.IX 2020 год., беше предложен кандидатот д-р Ристо Солунчев за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 7.X 2020 година го разгледа и прифати реферaтот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

Декан,
на Филозофскиот факултет

________________________
проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова